[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 22-11-2024
Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност
26-4649/1 | 1

30.10.2024

**Од [redacted]**

**Предмет:** Допис за прибирање на податоци

**ДОПИС**

Почитувани,

Со овој допис ве информираме дек[redacted]о соработка со [redacted]ќе изготви публикација за Индекс за младинско учество во Република Северна Македонија за 2023 година.

Индексот на младинско учество дава сеопфатен преглед на можностите за младите низ призмата на 25 индикатори за политичко, економско и социјално учество. За да се добие целокупната слика за овие индикатори потребен е пристап до одредени податоци за 2023 година (податоци кои се прибираат на годишно ниво). Вашата институција има исклучително важна улога за обезбедување на потребните податоци со што придонесувате да се добие вистинската слика за положбата на младите. Истата ќе послужи за креирање на идни политики за млади, осигурувајќи се дека младите се во фокусот на развојот. За развивање на овие политики, граѓанскиот сектор и државните институции, имаат главна улога во негување на партнертвото со младите и важно е сите чинители во овој процес да останат отворени за соработка.

Податоците кои треба да ги доставите се однесуваат на Индекс за учество на младите кој се ќе се мери во нашата држава, а се мери и во неколку земји во регионот, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Турција. Оваа анализа во земјите од регионот се спроведува веќе 8 години. Со вклучување на нашата држава ќе може да ги споредуваме нашите состојби поврзани со младинското учество во земјата, со земјите од регионот. Учеството на младите е во првите редови на Младинската стратегија на Европската унија (ЕУ) „Млади: инвестирање и зајакнување "2019-2027 година. Слично на тоа, младинското учество е клучен фокус во Националната стратегија за млади на Северна Македонија 2023-2027 година, дополнително нагласувајќи ја важноста од ангажирање на младите во обликувањето на политиките и придонесот во процесите на донесување одлуки како и во Законот за младинско учество и младински политики.

[redacted]

**Опис на индексот**

Во континуитет од седум години, [redacted] нуди сеопфатен преглед на можностите за младите во Албанија, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција преку уникатен сет на индикатори. Наодите покажуват слични резултати помеѓу земјите од регионот, чие младинско учество се движи од 55.1 до 67.4. Сепак, огромна е разликата помеѓу моменталното младинско учество и целната вредност од 100. Во сферите кои ги опфаќа индексот (политичка, економска и социјална), политичкото учество на млади за земјава е со вредност од 43.7 што покажува дека младите се сè уште незастапени во политиката. Економското учество покажува вредност од 65 која е најмала во регионот. Социјалното учество покажува малку подобра вредност за земјава од 80.2, но и дека 23% од младите се на раб на сиромаштија. Целото истражување односно Индек на Младинско Учество (2022) е достапен на овој линк.

Доколку имате прашања или ви се потребни дополнителни информации можете да пристапите до контакт лицето [redacted] на следната електронска пошта [redacted]

Се надеваме на ваша соработка и брз одговор.

Со почит,

[redacted]